Серија
Интелектуална сопственост
за деловно работење

Број 2









# ДА СЕ ИЗГЛЕДА ДОБРО

## Вовед во индустриски дизајн за мали и средни претпријатија

**С**ветска
**О**рганизација за
**И**нтелектуална
**С**опственост

**Серии публикации за „Интелектуална сопственост за деловно работење":**

**1.** Создавање марка: Вовед во трговски марки за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 900

**2.** Добар изглед: Вовед во индустриски дизајн за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 498

**3.** Пронаоѓање на иднината: Вовед во патенти за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 917

**4.** Креативен израз: Вовед во авторски права за мали и средни претпријатија, публикација на WIPO бр. 918 (следи)

Сите публикации се расположиви во е-книжарницата на WIPO на: www.wipo.int/ebookshop

**Појаснување:** Информациите кои се содржат во овој водич не се замена за професионален правен совет. Неговата главна цел е ограничена на обезбедување на основни информации

*Државен завод за индустриска сопственост на Република Македонија, Copyright (2007)*

Ова издание е преведено и репродуцирано со претходна изрична дозвола од Светската организација за интелектуална сопственост (WIPO), која е носител на авторското право за изворната англиска верзија, што е достапна на www.wipo.int/sme/en/documents/guides/. Бидејќи WIPO не е одговорна за прецизноста или точноста на преведената верзија од ова издание, исклучива и единствена одговорност има Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија.

*WIPO е носител на авторското право за изворната верзија на англиски јазик (2003)*
Ниту еден дел од ова издание не смее да биде репродуциран или јавно соопштен во било која форма или на било кој начин, електронски или механички, освен во законски предвидените случаи, освен со пишана дозвола од носителот на авторското право.

*Преводот и печатењето на оваа брошура беше помогнато од американскиот народ преку USAID, а реализирано од CIPE (Центар за образование за интелектуална сопственост), при Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје*

Http://www.wipo.int/sme/

# Вовед

Ова е втор во серијата водичи за „интелектуална сопственост за бизниси“. Овој водич се фокусира на индустрискиот дизајн, клучен фактор во определувањето на успехот на еден производ на пазарот.

Во правото на интелектуална сопственост, индустрискиот дизајн се поврзува со естетскиот или надворешен изглед на производот. Тое е она што го прави производот атрактивен или привлечен за потрошувачите и визуелниот изглед е она што влијае на потрошувачите да одберат еден производ наместо друг. Индустрискиот дизајн им помага на компаниите да ги издвојат своите производи во однос на конкурентските и да го зголемат угледот на својот бренд. Затоа е од голема важност правилната заштита на индустрискиот дизајн.

Водичот е наменет како вовед во заштитата на индустрискиот дизајн за мали и средни претпријатија и вклучува прашања и одговори, примери и илустрации на заштитени индустриски дизајни.

Национално прилагодените верзии на овој водич може да бидат развиени во согласност со националните институции; и локални партнери кои се охрабрувани да ја контактираат WIPO за да добијат одобрение за издавање прилагодени прирачници.

Камил Идрис
Генерален директор на WIPO

# Содржина

Страна

1. Индустриски дизајни 3
2. Заштита на идустриските дизајни 6
3. Заштита на дизајните во старнство 16
4. Спроведување на заштитата на индустрискиот дизајн 18
5. Други правни инструменти за заштита на индустриските дизајни 19

# 1. Индустриски дизајни

## Што е индустриски дизајн?

Во секојдневниот говор, индустрискиот дизајн генерално се однесува на формата и функцијата на производот. За една фотеља се вели дека има „добар идустриски дизајн" кога е удобна за седење и ни се допаѓа нејзиниот надворешен изглед. За бизнисот, дизајнирањето на еден производ значи развивање на функционалните и естетски карактеристики на производот, притоа земајќи ги во предвид продажбата на производот, трошоците за производство или за транспорт, складирање, поправка и изложување.

Според правото на интелектуална сопственост, **индустриски дизајн е оној кој се однесува само на украсните, односно естетски аспекти на производот**. Со други зборови се однесува само на изгледот на фотељата. Иако дизајнот на производот може да има технички или функционални карактеристики, индустрискиот дизајн, како категорија во правото на интелектуална сопственост, се однесува само на естетската природа на крајниот производ и се разликува од било кои технички или функционални аспекти.

Индустрискиот дизајн е важен за голема група индустриски производи, модни и рачно изработени производи од технички и медицински инструменти до часовници, накит и други луксузни предмети;од производи за домаќинството, играчки, мебел и електрични апарати до автомобили и архитектонски изведби; од дизајни на текстил до спортска опрема. Индустрискиот дизајн, исто така, е важен за пакување, контејнери и „развивање" на производите.

По правило индустрискиот дизајн се состои од:

- тродимензионални карактеристики, како што е **изгледот** на производот ,
- дводимензионални карактеристики, како шарата, или бојата на производот, или
- комбинација на една или повеќе вакви карактеристики.

**Пример за тродимензионален дизајн**



*Со согласност на: Villeroy + Boch A.G.*

**Пример за дводимензионален дизајн**



## Креативни дизајни во бизнисот

Претпријатијата посветуваат многу време и средства за подобрување на надворешниот изглед на нивните производи. Новите и оригинални дизајни често се направени за:

1. **Прилагодување на производите да одговараат на специфични сегменти од пазарот:**

   мали модификации на дизајнот на некои производи (пр. часовник) може да го прилагодат истиот за различни старосни групи, култури или социјални групи. Во меѓувреме главната функција на часовникот останува иста, децата и возрасните главно имаат различен вкус за дизајн.

2. **Создавање на нов правец на пазарот:**

   Во конкурентските пазари, многу компании се стремат да создадат нов правец со цел да ги издвојат своите производи од оние на конкурентите. Ова е случај со обични предмети како: брави, чевли, чаши и извор на потенцијални скапи предмети како накит, компјутери или автомобили.

3. **Зајакнување на брендовите:**

   Креативните дизајни често се комбинираат со различни трговски марки за да ја истакнат различноста од брендот/брендовите на компанијата. Многу компании успешно создале или ја редефинирале сликата за својот бренд преку силно фокусирање на дизајнот на производот.

## Зошто да се заштити индустрискиот дизајн?

Индустрискиот дизајн додава вредност на производот. Тој го прави производот привлечен и допадлив за потрошувачите, а воедно може да биде и уникатна препозантлива точка. Па така, заштитата на вредни дизајни би требало да биде во центарот на бизнис стратегијата на еден дизајнер или производител.

Со заштитата на индустрискиот дизајн, преку негова регистрација во националните и регионалните заводи за заштита на интелектуалната сопственост, сопственикот го задржува ексклузивното право да го спречи неодобреното копирање или имитацијата од други. Ова му дава смисла на бизнисот и често носи дополнителен приход на еден или повеќе од следните начини:



*Со согласност на: Victorinox Ltd*

- Со регистрација на дизајнот вие имате можност да спречите негово копирање и имитирање од конкурентите и со тоа да ја зајакнете вашата позиција.

http://www.wipo.int/sme/

- Регистрирањето на вредни дизајни придонесува да се зачува **чесно враќање на инвестицијата** направена при креирање и рекламирање на релевантниот производ и со тоа ја подобрува вашата заработка.
- Индустриските дизајни се **бизнис имот**, кои можат да ја зголемат комерцијалната вредност на компанијата и на нејзините производи. Колку поуспешен е дизајнот, повиска е неговата вредност за компанијата.
- Заштитениот дизајн може исто така да биде **лиценциран** (или продаден) на другите за одреден надоместок. Со негово лиценцирање може да влезете на пазари на кои поинаку не би можеле да егзистирате.
- Регистрацијата на индустриски дизајни ја поттикнува **лојалната конкуренција** и промовира производство на голем број различни естетски атрактивни производи.

### Причини за заштита на дизајни во Европската Унија




*Извор: OHIM, Prospective Study about the Design Registration Demand at a European Union Level (2002).*

## Дизајнот во едно поинакво светло

Додека функционалните елементи на лампата генерално не се разликуваат од производ до производ, нејзиниот изглед е одлучувачки за нејзиниот успех на пазарот. Ова е причината зошто индустриските дизајни се регистрираат во многу држави во светот и притоа има голема листа на дизајни за производи за домаќинството како на пример лампи.



*Со согласност на: Nemo S.p.A.*

## 2. Заштита на идустриските дизајни

### Како да го заштитите индустрискиот дизајн?

Во повеќето држави, **идустрискиот дизајн мора да биде регистриран со цел да може да се заштити** според законот за индустриски дизајн.

За да се регистрира индустриски дизајн, мора да поднесте пријава до **националниот завод за заштита на интелектуалната сопственост** на државата од која барте заштита (листата на веб страници на ЗИС е даден во Анекс I). За заштита во странство, погледнете во третиот дел.

За некои држави и заеднички економски региони, како на пример ЕУ, потребно е да се издаде нота, каде легислативата дозволува да се задржи ограничена заштита на индустрискиот дизајн за **нерегистрирани дизајни** во период од три години од датата кога дизајнот бил објавен во Европската Унија.

Нерегистрираните дизајни им обезбедуваат на компаниите можност да ги тестираат своите производи на пазарот пред да вложат напор и трошоци за регистрирање на сите дизајни, од кои поголем број можеби и нема да се пробијат на пазарот. Некои дизајни, можат да се задржат на пазарот многу кратко време, како не пример во модната индустрија. За вакви производи, нерегистрираниот дизајн обезбедува добра алтернатива. Меѓутоа откако производот веќе еднаш е произведен, дизајнерите имаат 12 месеци истиот да го регистрираат. Заштитата на нерегистрираните дизајни е ограничена, на начин што е потешко истата да се спроведе, споредено со онаа кај регистрираниот дизајн, бидејќи истата е пократка и трае само три години, за разлика од 25 годишната заштита обезбедена за регистрираните дизајни во Европската Унија.

Покрај тоа што овој водич се фокусира главно на регистрирани индустриски дизајни, важно е да се истакне дека во некои држави постојат алтернативни начини за заштита на идустриските дизајни:

- Во зависност од соодветното национално законодавство и видот на дизајнот, една од алтернативите за заштита на дизајнот е **законот за заштита на авторското право**. Авторското право обезбедува ексклузивни права за литературни и уметнички дела. Како што некои дизајни, во некои држави, можат да се сметаат за уметничи дела или за дело од применетата уметност, заштитата на авторското право може да се смета и може да претставува атрактивна опција за малите и средни претпријатија.
- Во некои држави, ако идустрискиот дизајн функционира како трговска марка на пазарот, тогаш може да биде заштитен како **тродимензионална марка**. Ваква заштита може да се случи кога формата на производот или неговото пакување се дистинктивни

- Законите против **нелојална конкуренција**, во некои држави, исто така, може да го заштитат идустрискиот дизајн на една компанија од имитација од страна на конкурентите.

За повеќе детали како да го заштитите вашиот дизајн со помош на авторското право, правото на трговска марка и правото на нелојална конкуренција, видете во Оддел 5.

## Кои права се обезбедени со заштита на идустрискиот дизајн?

Кога индустрискиот дизајн е заштитен со регистрација, на сопственикот му се доделува **правото да го спречи неовластеното копирање или имитирање** од трети лица. Ова го вклучува правото да се оневозможат сите останати да **произведуваат, нудат, увезуваат,извезуваат или продаваат** било каков производ во кој дизајнот е инкорпориран или на кој е аплициран. Законот и праксата во една држава или регион го определува обемот на заштитата на индустрискиот дизајн.

## Што може да се регистрира како индустриски дизајн?

Општо земено, за да може да се регистрира дизајнот мора да задоволи едно или повеќе од следните основни барања, во зависност од законот во државата:

- Дизајнот мора да биде **„нов"**. Еден дизајн се смета за нов ако ни еден друг идентичен дизајн не бил достапен за јавноста пред датата на поднесување на пријавата за признавање на правото или регистарцијата.

### Ексклузивни права

Ако претпоставиме дека вашата компнанија дизајнирала чадор со иновативен дизајн, регистриран во националниот ЗИС, за тоа добила ексклузивни права над дизајнот на чадорот. Ова значи дека ако откриете дека некој од конкурентите, произведува, продава или увезува чадори кои го имаат истиот или суштински истиот дизајн, ќе може да го спречите да го користи вашиот дизајн, а веројатно ќе добиете и надомест за штетата направена од неовластеното користење на дизајнот.

Така, бидејќи не можете да ги спречите конкурентите да произведуваат конкурентски производи, можете да ги спречите да произведуваат производи кои личат на вашите и да не ја повредуваат слободата на вашата креативност. За деталите, како да ги спроведете вашите права, Ве советуваме да се консултирате со Застапник (Адвокат) за интелектуална сопственост.



- Дизајнот мора да биде **„оригинален"**. Еден дизајн се смета за оригинален ако е независно креиран од дизајнер и не е копија или имитација на веќе постоечки дизајни.
- Дизајнот мора да има **„индивидуален карактер"**. Овој критериум е исполнет ако севкупниот впечаток добиен од дизајнот, кај информираниот корисник, е различен за корисникот, од било кои дизајн, кој бил достапен на јавноста.

Дизајните кои можат да се заштитат се однесуваат на произведени производи како обликот на чевел, дизајнот на обетка или шаратата на шоља за чај. Во **дигиталниот свет**, заштитата во некои држави се проширува на голем број други производи и видови на дизајн. Ова ги вклучува иконите на десктопот кои се генерирани со компјутерски кодови, графичкиот дисплеј на мониторот, мобините телефони итн.

## Што не може да се заштити како индустриски дизајн?

Во повеќето држави, дизајните на кои не им е одобрена регистрација го вклучуваат следново:

- Дизајни кои не се нови, оригинални и/или немаат индивидуален карактер (објаснето погоре).
- Дизајни за кои се смета дека се определени ексклузивно од **техничката функција** на производот; такви техничи или функционални карактеристики на дизајнот можат да бидат заштитени, во зависност од случајот, преку други права на интелктуална сопственост (на пример - патенти, корисни модели или трговски тајни).
- Дизајни во кои се вметнати заштитени **официјални симболи или амблеми** (пример: националното знаме).
- Дизајни кои се сметаат за **спротивни на јавниот ред и/или моралот**.

Важно е да се напомене дека некои држави ги исклучуваат **ракотворбите** од заштита на дизајн. Во овие држави правото на индустриски дизајн налага производот на кој дизајнот му е аплициран да биде „фабрички или мануфактурно произведен производ" или производ кој може да се репродуцира (повторно да се произведе) со „индустриски средства".

Во Зависност од националната легислатива, можат да постојат и понатамошни ограничувања за тоа што би можело, а што не да се регистрира како индустриски дизајн. Затоа е пожелно да се советувате со Застапник за индустриска сопственост или директно со националниот ЗИС.

## Како се регистрира дизајн?

За да регистрирате дизајн во вашата држава, треба да ги превземете следниве чекори:

- Пополнете ја **пријавата**, која е обезбедена од националниот ЗИС (погледнете Анекс I со листа на веб страници на ЗИС каде можете да го регистрирате вашиот дизајн), вклучувајќи го вашето име, детали за контакт и цртежи и /или фотографии од дизајнот/дизајните (обично се бара стандарден формат) за кои се работи.

- Во некои држави, од вас може да се бара да поднесете или алтернативно да доставите **писмен опис, или изјава за новост** на индустрискиот дизајн(и). Овој опис во главно треба да биде на дизајнот, а не на произвдодот на кој е аплициран. Треба да биде прецизен и точен во диференцирањето од некои слични дизајни пред него. Описот треба да ги покрива сите различни естетски карактеристики на дизајнот и да истакне која карактеристика/и е/се најважна/и. Во некои држави испитувачот може да побара примерок (мостра) од дизајнот за да го разбере подобро пишаниот материјал или да ја почувствува подбро текстурата односно материјалот на дизајнот.

- Исто така, треба да платите **соодветна такса.**

- По ваш избор, можете да ангажирате Застапник за интелектуална сопственост да ви помогне при пополнувањето на пријавата и воопшто во целиот процес на регистрација. Во тој случај, треба да **поднесете документ со кој му го пренесувате вашето право на Вашиот застапник.**

Некои заводи го регистрираат дизајнот само откако ќе направат формално испитување за да се обезбедат дека сите административни формалности се исполнети. Други може да бараат проверка на постоечкиот дизајн во регистарот, за новост и/или оригиналноста, но се повеќе заводи ја прифаќаат регистрацијата без ваква проверка.

Откако дизајнот е регистриран, тој се внесува во регистарот на дизајни, се објавува во службеното гласило на дизајни и се издава **Исправа за регистриран дизајн**. Во некои држави може да се побара **одложување на објавувањето**, така што дизајнот ќе се чува во тајност во период одреден од соодветниот закон. Заштитата од објавување за одреден временски период може да биде пожелна од стратегиски причини.

Детали за тоа како да се го заштитите дизајнот во странство се обезбедени во Оддел 3.

## Колку време е потребно да се регистрира дизајн?

Во зависност од националниот ЗИС, процесот на регистрација на индустриски дизајн обично трае од 6 до 12 месеци или подолго во зависност од повеќе прашања, како на пример дали испитувачот има одредени забелешки на пријавата, дали е поднесен приговор пред регистрирањето на индустрискиот дизајн и сл.

## Колку е важно да се чува дизајнот во тајност пред регистрацијата?

Ако сакате да го заштитите вашиот индустриски дизајн, за неговата регистрација, клучно е да го чувате во тајност. Причината за ова е дека за да се заштити дизајнот тој мора да биде „нов". Ако го покажете вашиот дизајн на други пожелно е да имате клаузули за доверливост во пишаните договори, кои го карактеризираат дизајнот како доверлив.

Дизајнот кој веќе е виден во јавноста со рекламирање во брошури или каталози на вашата компанија, повеќе не се смета за нов. Тој станува дел од „паблик домејн" (јавно добро) и не може да се заштити, освен ако законот кој се применува не обезбедува „грејс период" или освен ако може да се бара приоритет на претходно поднесена пријава (погледнете на стр. 16 „Како да го заштитите вашиот индустриски дизајн во странство?").

**ПРИМЕР:** Бебе и деца (BABY AND CHILDREN)

Земајќи ја во вид удобноста, која бебињата треба да ја имаат во бањата, малото француско претпријатие Бебе и деца (BABY AND CHILDREN) дизајнирало и произвело детска лежалка за во бања. Нејзиниот едноставен и оригинален дизајн успеал да допре до мајките и бебињата низ целиот свет. Со цел да го заштити својот нов производ, Бебе и деца (BABY AND CHILDREN) поднело меѓународна пријава за регистрирање на индустриски дизајн во март 2000 год. Откако регистрацијата била завршена, претпријатието успеало да го комерцијализира својот производ во држави од три континенти, или директно или со обезбедување на лиценци врз основа на регистрираниот индустриски дизајн.
Успехот на овој производ го направил еден од водечките производи на компанијата, а со заштитата на индустрискиот дизајн тоа и обезбедило законски монопол.



*Со согласност на: BABY AND CHILDREN*

## Што е „грејс период“?

Во некои држави легислативата дозволува грејс период за регистрација од 6 месеци до една година од датумот на објавување на дизајнот во јавност.

Ова е случај кога артиклите кои го носат дизајнот се продадени, изложени на трговско претставување, изложба или саем, или се објавени во каталог, брошура или реклама која и претходи на пријавата за заштита. За време на тој период, може да го објавувате вашиот дизајн без тој да ја загуби својата „новост‟ и сеуште можете да го пријавите за регистрација.

Меѓутоа, ова не е случај во сите држави и во секој случај, грејс периодот претставува ограничен временски период, но сепак препорачливо е да се чува дизајнот во тајност се додека не се поднесе пријава за негова заштита. Сепак, за време на грејс периодот вие немате ексклузивни права на дизајнот (иако вашиот дизајн може да биде автоматски заштитен според Законот за авторско право или Законот за заштита од нелојална конкуренција, во зависност од националната легислатива; повеќе во Оддел 5).

## Колку долго трае заштитата на индустриски дизајн?

Условите за заштита на регистрираниот индустриски дизајн, варираат од држава до држава, но заштитата **најмалку трае 10 години** (иако често е подолга на пр, 14 год. за дизајн на патент во САД и до 25 години во ЕУ). Во многу држави, на носителите на правата им се налага да се обнови регистрацијата по истекот на пет години.

## Колку чини да се заштити индустрискиот дизајн?

Вистинските трошоци, се различни во секоја држава. Но сепак најважно е да се знае дека постојат различни видови на трошоци во процесот на регистрација:

1. Постојат **такси за регистрација** кои се плаќаат во националниот ЗИС. Овие такси зависат од бројот на дизајни кои треба да се регистрираат и од бројот на државите каде треба да се регистрира дизајнот. На пример: пријавата за заштита на единечен дизајн во државите од ЕУ чини 350 евра. Оваа сума може да достигне и до 1925 евра, ако пријавата содржи 10 дизајни. Детали за точната сума на таксите за регистрација треба да Ви обезбеди Вашиот застапник за ИС или соодветниот ЗИС.
2. Постојат **трошоци за најмување на застапникот за ИС** кој би можел да ви асистира во пополнувањето на пријавата, доколку се потпрете на експертска помош при поднесувањето на Вашата пријава.

3. Во повеќето држави, исто така, се плаќаат **такси за обнова на регистрацијата**, обично на секои пет години, со цел да се задржат ексклузивните права над индустрискиот дизајн.

4. Постојат **трошоци за превод** на индустрискиот дизајн, ако тој треба да биде заштитен во странство.

## Што треба да направите ако вашиот дизајн комбинира функционални подобрувања со естетски карактеристики?

За да ја задржите ексклузивноста над **функционалните подобрувања** на производот, препорачливо е да аплицирате за заштита на **патент** или **корисен модел**, или ако функцијата не произлегува очигледно од моделот, да го задржите како **трговска тајна**. Меѓутоа, многу често се случува новиот производ да комбинира функционални подобрувања со иновативни естетски карактеристики. Да речеме дека сте дизајнирале нов мобилен телефон. Додека телефонот е резултат на серија подобрувања на неговите електронски компоненти и може да се заштити како патент/и, оригиналниот дизајн на вашиот телефон може да се регистрира како индустриски дизајн. Дали може да аплицирате и за двете? Одговорот е да.




*© Nokia*

### Заштитата на дизајнот и бизнис стратегијата

Одлуката за тоа како, кога и каде да се заштити индустрискиот дизајн на една компанија може да има големо влијание на дугите области во управувањето со дизајнот. Затоа е важно да се вметне заштитата на дизајнот во пошироката бизнис стратегија на претпријатието. На пример, видот на заштитата, трошоците, ефектот од заштитата и прашањата на сопственоста на дизајнот можат да бидат важни сегменти при одлучувањето:

- дали да се развива дизајнот внатре во компанијата или да се користат услуги на надворешна агенција;
- времето на иницијална употреба на новиот дизајн во рекламирање, маркетинг или јавно изложување на изложби;
- кон кои извозни пазари да се цели;
- кога и како да се лиценцира или пренесе дизајнот за комерцијална експлоатација за други компании, во замена за економски надомест.

Многу дизајнери заштитуваат различни аспекти од нивните производи со различни видови права на интелектуална сопственост. Најважно е сепак да се има во вид основната разлика меѓу патентот/корисниот модел и индустрискиот дизајн. **Патентите и корисните модели служат за иновации кои ги истакнуваат функционалните подобрувања на призводот, а заштитата на индустрискиот дизајн се оденсува на надворешниот изглед на производот.**

## Кој може да аплицира за заштита на индустриски дизајн?

Во принцип, личноста која го креирала дизајнот, или ако работи под договор, тогаш неговиот работодавач може да аплицира за регистрација. Подносител може да биде физичко лице (на пример - дизајнерот) или правно лице (компанија). Во двата случаи, пријавата може да биде поднесен директно или преку застапник. Ако сте странски подносител, од вас може да биде побарано да бидете претставуван од Застапник овластен (регистриран) од ЗИС на таа држава.

## Кој ги поседува правата над индустрискиот дизајн?

Оној кој го креирал дизајнот, дизајнерот, обично се смета за прв сопственик на дизјнот, освен ако нема некои посебни околности. На пример, во повеќето држави, ако еден работник развие дизајн, за време на неговото работење за некое претпријатие и ако тоа е во согласност со неговите должности кон/во претпријатието, дизајнот (и сродните права) му припаѓаат на неговиот

**ПРИМЕР**: Дурацел (DURACELL)
До 1980 година, Дурацел (Duracell) виртуелно претставувал компанија која произведувала еден производ-алкални батерии. Во 1981 година, Дурацел (Duracell) вработил дизајнери со цел да развијат џебна светилка, која набрзо потоа била лансирана (1982 година). Две години подоцна, дизајнот ја освоил наградата на Британскиот совет за дизајн. Во годините натаму Дурацел (Duracell) произвел неколку варијации на оваа светилка, со различни дизајни за различни пазари и целни групи. Светилките за младите потрошувачи биле приозведени во модерни бои. Иновативните функционални карактеристики се заштитени како патенти, додека дизајнот е заштитен во сите поголеми држави каде Дурацел (Duracell) бил присутен на пазарот.



*Duracell ®*

работодавач или може да се бара нивно пренесување со потпишување на договор во писмена форма.

Ако дизајнот е направен од **надворешен дизајнер, кој е обврзан со договор**, правата генерално и припаѓаат на компанијата која го нарачала дизајнот. Во ваквите случаи, се смета дека дизајнот е произведен за потребите на оној кој го нарачал дизајнот, кој со тоа е и негов сопственик. Подоцнежните недоразбирања ќе се избегнат со јасни одредби за правото на сопственост во договорот склучен со дизајнерот. Исто така, вие треба да имате во вид дека дизајнерот на производот може да има автоматска авторскоправна заштита над цртежите на оригиналниот дизајн, заради што и ова прашање треба, исто така, да биде регулирано со договорот.

## Може ли да се поднесе една пријава за регистрација на правото за повеќе различни дизајни?

Одговорот на ова прашање варира значително од држава до држава. Во повеќето држави, можете да аплицирате за регистрација на повеќе дизајни (10, 20 или дури 50) со една пријава, се додека тие се однесуваат на истиот производ или„класа" производи (види објаснување на „класи" на стр. 15).

**ПРИМЕР**: Тракс (TRAX)

Тракс (TRAX) е Систем на јавни седишта дизајниран од Родни Кинсман (Rodney Kinsman), а се продава на пазарот од страна на ОМК Дизајн (OMK Design Ltd.). Јавните седишта Тракс (TRAX) првобитно се дизјанирани за потребите на Британската железница, која барала јавни седишта кои добро изгледале, биле удобни за седење, водоотпорни и барале мал напор за одржување. Со годините натаму, Тракс (TRAX) станал успешен производ, заради практичниот дизајн и е инсталиран на повеке од 60 аеродроми во светот.

Дизајнот Тракс (TRAX) е заштитен како регистриран индустриски дизајн во Велика Британија, Австралија, државите од Бенелукс, Германија, Италија, Јапонија и САД. Ова му дава ексклузивност на ОМК Дизајн (OMK Design Ltd.) за комерцијализација на производот со заштитен дизајн во овие држави. Во поединечни прилики, ОМК Дизајн (OMK Design Ltd.) овластил странски компании да го произведуваат овој производ, врз основа на платен надомест.



*Со согласност на: TRAX ®*

Ова значи дека ако сте дизајнирале сет (комплет) од столици или маси и сакате да ги заштитите , повеќето држави би ви дозволиле да поднесете единечна пријава, која ги покрива сите нив. Покрај тоа ќе треба да платите такса за поднесување на единечна пријава, бидејќи сите тие припаѓаат на иста класа на производи. Ако пак сакате да заштите придружен елемент, лампа, за тоа ќе ви бидат потребни две посебни пријави, бидејќи лампите не припаѓаат на истата класа на производи. Иако, таксите се наплаќаат за секој додаден дизајн, тие се занчително помали отколку оние при пополнување на поодделни пријави за секој дизајн.

Меѓутоа, во некои држави потребно е да се поднесат поодделни пријави за секој дизајн. Многу од овие држави, со ограничувањето на еден дизајн со една пријава, дозволуваат повеќе модификации на дизајнот; други дозволуваат исклучок од ова правило кога дизајнот се поврзува со „сет (комплет) производи".

- **Модификациите** вклучуваат, на пример, две обетки кои се разликуваат по тоа што едната се затвора со клип, а за другата е потребно дупчење на ушите. За да се сметаат за варијанти на ист производ, дизајните мора да се однесуваат на истиот производ и не смеат суштински да се разликуваат еден од друг.
- **„Сет" (комплет)** од друга страна е дефиниран како број на артикли од ист карактер, кои нормално се продаваат заедно, или се издадени заедно и кои делат некои заеднички карактеристики во дизајнот, како на пример прибор за јадење (виљушки, лажици, ножеви) или апарати за домаќинство (фен за коса заедно со додатоците и четките за коса).

Како што можете да забележите, постои голема разновидност во тоа што може да се регистрира со единечна пријава; Точните детали за она што е потребно како и можностите за заштита преку најефективниот трошковен принцип на заштитата на дизајнот, треба да бидат востановени од Застапникот за ИС или од ЗИС.

## Меѓународен систем на класификација

Индустриските дизајни главно се класифицираат или групираат во класи за полесно пребарување. Исто така, може да биде побарано да ја специфицирате класата на производи за која имате намера да го користите дизајнот. Многу држави ја користат **Меѓународната калсификација, востановена со договорот од Локарно** (види Листа на Класи во Анекс II). Види исто така и: www.wipo.int/classifications/en/locarno/about/

### Дали можете да дадете лиценца на вашиот индустриски дизајн?

Индустриските дизајни се лиценцирани кога сопственикот на дизајнот (давачот на лиценца) дава дозвола на друго лице (стекнувач на лиценца) да го користи за било кои заеднички договорени цели. Во ваков случај, **договорот за лиценца** е потпишан меѓу двете страни, специфицирајќи ги условите и обемот на договорот.

Договорите за лиценца често вклучуваат ограничувања во поглед на тоа во кои држави може да се употребува дизајнот, периодот за кој е дадена лиценцата и видот на производите за кои може да се користи. Со цел да се лиценцира употребата на дизјанот во странски држави, потребно е претходно да поседувате или во најмала рака да сте поднеле пријава за заштита на индустриски дизајн во тие држави.

Со овластувањето на другите да го користат вашиот индустриски дизајн преку договор за лиценца, на вашата компанија и се овозможува да **добива дополнителни средства**, што претставува паметна експлоатација на регистрираните дизајни.

Договорите за лиценцирање на индустриски дизајни, обично се вклучуваат во пошироки договори за лиценца кои покриваат се (не само визуелните елементи) од производот.

## 3. Заштита на дизајните во странство

### Зошто да ги заштитите дизајните во странство?

Ако вашата компанија има намера да извезува производи со оригинален дизајн, или пак да го лиценцира нивното производство, продажбата или извозот на овие производи на други фирми во странски држави, налага заштита на дизајните во овие земји, со цел да се добијат истите бенифиции како на домашниот пазар.

### Како да ги заштитите вашите индустриски дизајни во странство?

Заштитата на индустирскиот дизајн е територијална. Ова значи дека заштитата на индустрискиот дизајн, главно е ограничена на државата или на регионот каде што сте го регистрирале вашиот дизајн. Ако сакате да го заштитите вашиот индустриски дизајн на други извозни пазари, тогаш треба да поднесете пријава за заштита во конкретните држави.

Важно е да се напомене дека обично има **шест месеци** од датата на поднесување на пријава во првата држава, до датата кога можете да барате **право на приорит на заштита**, во другите држави. Откако овој период ќе истече, повеќе нема да можете да го пријавите вашиот дизајн во странските држави, бидејќи тој нема повеќе да се смета за нов.

Постојат три начини за заштита на вашиот дизајн во странство:

1. **Национален пат:** Компаниите можат да бараат заштита со поднесување на пријава до националниот ЗИС на секоја држава поодделно. Постапката може да биде прилично обемна и скапа, бидејќи најчесто се бара превод на националниот јазик, како и плаќање на административни (понекогаш и законски) такси.

2. **Регионален пат:** Ако сте заинтересирани за група на држави кои се потписнички на регионални договори, со кои се овозможува регистрација на дизајните во повеќе од една држава, тогаш можете да поднесете една пријава до регионалниот ЗИС на одредена држава. Во регионални ЗИС се вбројуваат:

- Африканскиот завод за заштита на индустриска сопственост (ARIPO), за заштита на дизајни во државите од Африка во кои се зборува англиски јазик;
- Заводот за дизајни на Бенелукс (BDO) за заштита во Белгија, Холандија и Луксембург;
- Заводот за хармонизација на внатрешниот пазар (OHIM) за Заедничките дизајни на државите членки на Европската Унија;
- Организацијата за заштита на интелектуалната сопственост (OAPI), за заштита на дизајни во државите од Африка во кои се зборува француски јазик.

Види Анекс I за веб страниците на регионалните ЗИС.

3. **Меѓународен пат:** Компаниите кои сакаат да ги регистрираат своите дизајни меѓународно (интернационално), во повеќе држави, можат да ја користат постапката понудена со **Хашкиот договор за меѓународно депонирање на индустриски дизајни**, договор кој е администриран од WIPO. Подносител на пријава од држава членка на Хашкиот договор, може да поднесе една меѓународна пријава во WIPO; дизајнот тогаш ќе биде заштитен во онолку држави потписнички на договорот, во колку што подностиелот на пријавата сака. Договорот им обезбедува на подносителите на пријави поедноставен и поевтин механизам за регистрирање на индустриски дизајн во различни држави. За целосна информација за Хашкиот договор, вклучувајќи и листа на држави потписнички и пријава за регистрација, посетете ја веб страната на WIPO : www.wipo.int/hague/.

**Трошоците** за регистрација на индустриски дизајн со Хашкиот договор, варираат во зависност од бројот на дизајни кои треба да се заштитат и бројот на држави каде се бара заштита.

На пример трошоците за заштита на пет дизајни во 11 држави со меѓународната заштита која ја нуди Хашкиот Договор, е отприлика 900 Швајцарски франци.

## 4. Спроведување на заштита на индустриски дизајни

### Како можете да ја спроведете заштитата на вашите права кога вашиот дизајн е имитиран, копиран или повреден?

Спроведувањето на било кое право на ИС може да биде сложено прашање, за што е препорачливо да се бара професионална асистенција од компетенетен адвокат за ИС.

Важно е да се напомене дека одговорноста да се препознае (идентификува) и да се превземат соодветни правни средства против имитаторите, во основа ја има сопственикот на индустрискиот дизајн. **Со други зборови, вие сте одговорни за: надгледување на употребата на вашиот производ на пазарот, препознавање на имитаторите или фалсификаторите и одлучување дали, како и кога да се превземат правни средства против нив.**

Адвокат за ИС, би бил вистинската личност да ве информира за можностите за превземање на правни средства против имитаторите и фалсификаторите, во вашата држава, како и да ве советува како да го решите било кој спор.

### Меѓународна заштита на дизајнот

Во 2001 година, десет најголеми корисници на Хашкиот систем за меѓународен депозит на индустриски дизајни, според бројот на пријавите биле: Swatch Group, Interior, Sony Overseas, Hermes, Daimler Chrysler, Nokia, Villeroy + Boch A.G., Moulinex, Philips Electronics и Salomon. Во таа година, Swatch Group, најголемиот корисник на овој систем, доставил 103 пријави за регистрација на дизајн. Различниот изглед на неговите часовници се смета за клучна каректеристика која влијае врз потрошувачите да се одлучат во корист на овие производи. Во тој поглед, компаниите како Swatch Group инвестираат големи суми на пари и експертиза во развивањето на „победнички" дизајни и затоа прават се за да се обезбедат дека Swatch Group го има ексклузивното право на експлоатација на нивните дизајни преку регистрацијата во многу држави.



*Со согласност на: Swatch AG*

Ако верувате дека има **повреда**, како прв чекор можете да испратите писмено предупредување со што би го информирале лицето кое го повредува вашето право дека постои конфликт меѓу неговиот дизајн и вашите ексклузивни права. Препорачливо е да се побара помош од адвокат во составувањето на вакво писмо. Меѓутоа, ако повредата продолжува, може да биде потребно да се превземат правни средства против него.

Ако ја знаете локацијата на дејствата на повреда, би можеле да изведете изненадувачка акција, со налог за преглед и заплена (обично од надлежен суд или полиција), без претходна најава до компанијата/индивидуата која го повредува вашето право.

Со цел да го спречите **увозот на стоки кои го повредуваат вашето право**, на сопственикот на дизајнот, во некои држави, достапни му се мерки на меѓународните граници, преку локалните царински власти.

Ви советуваме, во случаите кога повредувачот на правото не е познат, да побарате професионален правен совет.

## 5. Други правни средства за заштита на индустриските дизајни

### Кои се разликите помеѓу заштита на дизајнот со законот за заштита на авторско право и заштита на дизајнот како индустирски дизајн?

Во некои држави, применливиот закон препознава авторскоправна заштита на одредени дизајни, како текстил или ткаенини.



Во многу држави, можете да имате кумулативна заштита (на пр. заштита на авторското право и заштита на индустрискиот дизајн), која може да се однесува на истиот дизајн, додека во неколку држави, двете форми на заштита се ексклузивни.

Првиот чекор, пред да се одлучите како да го заштитите вашиот дизајн, е да ја разберете разликата меѓу овие две форми на заштита. Некои од поглавните разлики се следниве:

**Регистрација**

- Со законот за индустриски дизајн, индустрискиот дизајн, во главно треба да биде **регистриран** од подносителот на пријавата пред објавувањето или јавната употреба на иститот било каде, или барем во државата во која била побарана заштита.

  Потврдата за регистрација, добиена за заштитата согласно Законот за индустриски дизајн, може да биде корисна во случаи на повреда на правото, затоа што обезбедува темелна основа со која вие може да ги спроведете вашите ексклузивни права.

- Авторското право бара предметот на заштита да биде оригинален без било какви формалности. Додека **регистрацијата не е неопходна за заштита**, во некои држави постојат депозитари, каде вие можете да го депонирате вашиот дизајн и да добиете сертификат.

**Времетраење**

- Заштитата на индустрискиот дизајн, трае во период помеѓу **10 и 25 години**, во зависност од државата каде се бара заштита. Исто така, битно е да се напомене дека процесот на регистрација на индустрискиот дизајн трае определено време и не секогаш е адекватен за производи кои се поврзуваат со трендови кои брзо поминуваат (производи од модната индустрија).

- Авторското право во повеќето држави, трае **се додека авторот е жив и 50 или 70 години по неговата смрт**.

**Обем на заштита**

- Правото добиено со регистрација на индустрискиот дизајн е **апсолутно право**, во смисла, дека секогаш постои повреда независно дали било свесно копирано.

- За да се спроведе авторското право, неговиот сопственик, прво мора да докаже дали повреденото дело е директна или индиректна репродукција на делото заштитено со авторското право.

**Видови производи**

- Во повеќето држави, не сите дизајни можат да се заштитат како авторско право, но приоритет имаат оние кои се сметаат за уметнички дела. Иако разликата не секогаш е јасна, некои дизајни, како на пример обликот на произведените производи, ретко може да се заштитат како авторското право, додека други како дизајни на текстил можат да се заштитат со двете форми на заштита.

**Трошоци**

- Регистрацијата на вашиот дизајн во повеќе држави, подразбира дека ќе морате да платите такси за поднесување на пријава.

Сепак, би било корисно да ги побарате услугите од застапник за ИС при пополнувањето и доставувањето на пријавта, што всушност би претставувало дополнителен трошок.

- Ако се земе во вид дека за заштита како авторско право, не е потребна посебна формална регистрација, не постојат директни трошоци поврзани со ваквиот вид на заштита. Меѓутоа, може да постојат трошоци за доставувањето на авторското дело до надлежниот депозитар, во државите каде таков постои и докажување на сопственост во случај на спор.

**Да резимираме**, од една страна заштитата обезбедена со регистрирање на индустрискиот дизајн е посилна во тоа што ја покрива и ненамерната повреда и обезбедува потврда за регистрација, кој е важен доказ при повреда на правото, а од друга страна вклучува поголем напор (финансиски и административен), бидејќи бара регистрација и е со пократко време на траење.

Во било кој случај и поединечно ако дизајнот не е регистриран, препорачливо е **да се води детален записник за секој чекор во развивањето на дизајнот**. Потпишувањето и ставање датум на секоја скица, како и нивното исправно архивирање, може да помогне во случај на повреда на правото.

**Пример**: Во едно ново истржување на дизајнерите на ткаенини во Велика Британија, 80% од испитаниците рекле дека воделе записник на нивниот оригинален дизајн и биле свесни за важноста на докажување на сопственоста на авторското право.

## Кога може преку правото на трговска марка да се заштити дизајн?

Трговската марка е знак за разликување (обично збор, лого или комбинација на двете) кој се користи за да се разликуваат производите на една компанија од оние на другите компании. Во одредени околности, формата, дизајнот или пакувањето на еден производ може да се сметаат за препознатлива карактеристика на производот и можат да се заштитат како тродимензионална трговска марка. Шишето на Кока Кола (Coca Cola) или триаголната форма на чоколадото Тоблероне (Toblerone) се вакви примери.




*Toblerone ®, трговска марка регистрирана од Kraft Foods Group © 1986*

Прпорачливо е да се консултирате со застапник за ИС за да одлучите дали одредениот дизајн може да се смета за тридимензионална трговска марка.

Заштитата на трговски марки има предност во однос на заштитата на индустриски дизајн во тоа што може да се обновува неограничено, додека заштитата на индустрискиот дизајн е ограничена на период од 10 или 25 години. Исто така, постои разлика во трошоците при регистрирањето на трговска марка и индустриски дизајн. Во зависност од правниот систем, двата вида на заштита можат да постојат паралелно.

## Дали законот против нелојална конкуренција го штити вашиот дизајн?

Во многу држави индустриските дизајни често се заштитени со законите против нелојална конкуренција. Со тоа дизајнот може да биде зашитен против дела од нелојална конкуренција, вклучувајќи особено дела на „словенска имитација‟ и било какви дела кои би довеле до забуна, дела на имитација или користење на туѓата репутација. Меѓутоа, заштитата според правото на нелојална конкуренција е значително послеба и со неа е потешко да се докаже повреда на правото.

## Корисни веб страници за понатамошни информации:

Други прашања за интелектуална сопственост од бизнис перспектива:
www.wipo.int/sme/

индустриски дизајни општо:
www.wipo.int/about-ip/en/

практични аспекти, поврзани со регистрацијата на индустриските дизајни, види листа на веб страници на националните и регионалните ЗИС во Анекс или:
www.wipo.int/directory/en/urls.jsp

Хашкиот договор за меѓународно депонирање на индустриски дизајн:
www.wipo.int/hague/en/

Меѓународна класификација за индустриски дизајн, востановена со Договорот од Локарно:
www.wipo.int/classifications
(под договор во Локарно)

арбитража и медијација:
http://arbiter.wipo.int/

## АНЕКС I

### Веб страници на националните и регионалните заводи за интелектуална сопственост

| | |
|---|---|
| Африканска организација за заштита на индустриска сопственост (ARIPO) | www.aripo.wipo.net |
| Алжир | www.inapi.org |
| Албанија | www.alpto.gov.al |
| Андора | www.ompa.ad |
| Аргентина | www.inpi.gov.ar |
| Ерменија | www.armpatent.org |
| Австралија | www.ipaustralia.gov.au |
| Австрија | www.patent.bmvit.gv.at |
| Барбадос | www.caipo.org |
| Белгија | www.mineco.fgov.be |
| Белизе | www.belipo.bz |
| Бенелукс | www.boip.int |
| Бенин | www.oapi.wipo.net |
| Боливија | www.senapi.gov.bo |
| Бразил | www.inpi.gov.br |
| Бугарија | www.bpo.bg |
| Канада | www.opic.gc.ca |
| Чиле | www.dpi.cl |
| Кина | www.sipo.gov.cn |
| Кина: Хонг Конг (SAR) | www.ipd.gov.hk |
| Кина: Макао (SAR) | www.economia.gov.mo |
| Колумбија | www.sic.gov.co |
| Конго | www.anpi.wipo.net |
| Костарика | www.registronacional.go.cr |
| Хрватска | www.dziv.hr |
| Куба | www.ocpi.cu |
| Република Чешка | www.upv.cz |
| Данска | www.dkpto.dk |

| | |
|---|---|
| Доминиканска Република | www.seic.gov.do/onapi |
| Египет | www.egypo.gov.eg |
| Естонија | www.epa.ee |
| Европска Унија (Завод за хармонизација на внатрешниот пазар - OHIM) | www.oami.eu.int |
| Финска | www.prh.fi |
| Франција | www.inpi.fr |
| Грузија | www.sakpatenti.org.ge |
| Германија | www.dpma.de |
| Грција | www.obi.gr |
| Унгарија | www.hpo.hu/ |
| Исланд | www.els.stjr.is |
| Индија | www.patentoffice.nic.in |
| Индонезија | www.dgip.go.id |
| Ирска | www.patentsoffice.ie |
| Израел | www.justice.gov.il |
| Италија | www.european-patent-office.org/it/ |
| Јапонија | www.jpo.go.jp |
| Јордан | www.mit.gov.jo |
| Казахстан | www.kazpatent.kz |
| Кенија | www.kipo.ke.wipo.net |
| Киргистан | www.kyrgyzpatent.kg |
| Народна Демократска Република Лао | www.stea.la.wipo.net |
| Литванија | www.vpb.lt |
| Луксембург | www.etat.lu/ec |
| Малезија | www.mipc.gov.my |
| Мексико | www.impi.gob.mx |
| Монако | www.european-patent-office.org/patlib/country/monaco |
| Мароко | www.ompic.org.ma |
| Монголија | www.mongol.net/ipom |

| | |
|---|---|
| Непал | www.ip.np.wipo.net |
| Холандија | www.bie.minez.nl |
| Нов Зеланд | www.iponz.govt.nz |
| Норвешка | www.patentstyret.no |
| Африканска организација за заштита на индустриска сопственост (OAPI) | www.oapi.wipo.net |
| Панама | www.mici.gob.pa/comintf/html |
| Перу | www.indecopi.gob.pe |
| Филипини | www.ipophil.gov.ph |
| Полска | www.uprp.pl |
| Португалија | www.inpi.pt |
| Република Кореа | www.kipo.go.kr |
| Република Молдавија | www.agepi.md |
| Романија | www.osim.ro |
| Руска Федерација | www.rupto.ru |
| Србија | www.yupat.sv.gov.yu |
| Сингапур | www.ipos.gov.sg |
| Република Словачка | www.indprop.gov.sk |
| Словенија | www.sipo.mzt.si |
| Шпанија | www.oepm.es |
| Шветска | www.prv.se |
| Швајцарија | www.ige.ch |
| Таџикистан | www.tjpat.org |
| Тајланд | www.ipthailand.org |
| Република Македонија | www.ippo.gov.mk |
| Турција | www.turkpatent.gov.tr |
| Украина | www.ukrpatent.org |
| Велика Британија | www.patent.gov.uk |
| САД | www.uspto.gov |
| Уругвај | www.dnpi.gub.uy |
| Узбекистан | www.patent.uz |
| Венецуела | www.sapi.gov.ve |

## А Н Е К С I I

## Меѓународна класификација за индустриски дизајн на Договорот од Локарно

**ЛИСТА НА КЛАСИ**

1. Прехрамбени производи
2. Предмети за облекување и прибор за шиење
3. Пределмети за патување, футроли, чадори за сонце и лични предемети кои не се опфатени во другите класи
4. Четкарски производи
5. Текстилни производи во метража, фолии од пластичен или од природен материјал
6. Мебел
7. Предмети за домаќинство, кои не се опфатени со другите класи
8. Алатки и ситна метална стока
9. Амбалажи и садови за транспорт или за пренесување на стока
10. Часовничарски производи и други инструменти за мерење, контрола и сигнализација
11. Украсни предемети
12. Средства за превоз или за кревање на товар
13. Апарати за производство, дистрибуција и трансформација на електрична енергија
14. Апарати за регистрирање, телекомуникации или за обработка на информации
15. Машини, кои не се опфатени со другите класи
16. Фотогрефски, кинематографски и оптички производи
17. Музички инструменти
18. Печатарски и канцелариски машини
19. Производи од хартија, артикли за канцеларија, опрема за уметници и за обучување
20. Опрема за продажба или за рекламирање, знаци
21. Игри, играчки, шатори и спортски артикли
22. Оружје, пиротехнички артикли, прибор за лов, рибилов и за уништување на штетници
23. Опрема за дистрибуција на течности, санитарна опрема, опрема за греење, вентилација или климатизација, цврсти горива
24. Медицинска и лабараториска опрема
25. Градежни единици и градежни елементи
26. Апарати за осветлување
27. Тутун и артикли за пушачи
28. Фармацевтски или козметички производи, тоалетен прибор и опрема
29. Противпожарни уреди и опрема, уреди и опрема за спречување на несрекни случаи или за спасување
30. Артикли за нега и чување на животни
31. Машини и апарати за подготвување храна и пијалаци, кои не се опфатени со други класи
99. Останато

ДА СЕ ИЗГЛЕДА ДОБРО
Вовед во индустриски дизајн за мали и средни претпријатиа

НАСЛОВ НА ОРИГИНАЛОТ
Looking Good: An Introduction to Industrial Designs for Small and Medium-sized Enterprises

Издавач
Државен завод за индустриска сопственост
Вељко Влаховиќ 11
Скопје
тел.: +389 2 3103 601, +389 2 3103 641
факс: +389 2 3137 149

За издавачот
Бајрам Амети
Директор

Превод од англиски
Татјана Ќурчинска - Пепељугоска

Стручна обработка
Академски печат

Лектура и коректура
Студио на Академски печат

Печатење
Академски печат

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

347.772 (035)

Да се изгледа добро : вовед во индустриски дизајн за мали и средни претпријатија / [превод од англиски Татјана Ќурчинска-Пепељугоска]. - Скопје : Државен завод за индустриска сопственост = Geneva : World Intellectual Property Organization, 2007. - 28 стр. : илустр. ; 24 см. - (Серија Интелектуална сопственост за деловно работење ; бр. 2)

Превод на делото: Looking good. - Содржи и: Анекси I-II

ISBN 978 - 9989 - 2373 - 1 - 7 (ед.)
ISBN 978 - 9989 - 2373 - 2 - 4 (ДЗИС)
ISBN 978 - 92 - 805 - 1659 - 3 (WIPO)

а) Индустриски дизајн - Заштита - Прирачници
COBISS.MK-ID 70413322

За повеќе информации, особено за содржината на публикациите за интелектуалната сопственост и бизнисот може да ја посетите веб страницата: www.wipo.int/sme/en/ како и да се претплатите на бесплатниот електронски месечен билтен на WIPO Одделение за мали и средни претпријатиа (МСП) на: www.wipo.int/sme/en/documents/wipo_sme_newsletter.html

За повеќе информации контактирајте:
**World Intellectual Property Organization**

Адреса:
34, chemin des Colombettes
P.O. Box 18
CH-1211 Geneva 20
Switzerland

Телефон:
+41 22 338 91 11

Факс:
+41 22 733 54 28

e-mail:
wipo.mail@wipo.int

или адресата на New York Cordination Office на:

Адреса:
2, United Nations Plaza
Suite 2525
New York, N.Y. 10017
United States of America

Телефон:
+1 212 963 6813

Факс:
+ 1 212 963 4801

e-mail:
wipo@un.org

или SMEs Division на:

Адреса:
34, chemin des Colombettes
P.O. Box 18
CH-1211 Geneva 20
Switzerland

Факс:
+41 22 338 87 60

e-mail:
sme@wipo.int

веб страна:
www.wipo.int/sme

Посетете ја веб страницата:
www.wipo.int

или нарачајте на WIPO електронската библиотека:
Www.wipo.int/ebookshop

За повеќе информации контактирајте и со:
**Државен завод за индустриска сопственост на Република Македонија**

Адреса:
Вељко Влаховиќ 11, Скопје, Република Македонија

Телефони:
+389 2 3103 601, +389 2 3103 641

Факс:
+389 2 3137 149

e-mail: mail@ippo.gov.mk

www.ippo.gov.mk

WIPO број на публикација 498 MK (македонски)
ISBN 978-92-805-1659-3 (WIPO)

ISBN 978-9989-2373-2-4 (ДЗИС)